Коалиција Сите за правично судење

# Студија на случај „Рекет“

јуни, 2020

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење

**Автори:**
Дарко Аврамовски
Ивана Петковска
Емилија Спасовска

Достапно единствено како електронско издание

## Студија на случај за предметот КОК-116/19 под кодно име „Рекет“

**Iura paria debent esse eorum inter se qui sunt cives in eadem res publica**

**Сите граѓани на една држава треба да имаат еднакви права**

Оваа студија на случај ќе даде осврт на целокупниот судски предмет којшто се водеше пред Одделението за организиран криминал и корупција во рамки на Основниот кривичен суд Скопје. Истата особено ќе стави акцент на текот на судскиот процес, почитување на стандардите за фер и правично судење како и почитување на процесните права на обвинетите во постапката вклучувајќи ги и правата загарантирани со Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП).

## Вовед

Во ноември 2018 година Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите ( во понатамошниот текст СЈО) отвори истрага под кодно име „Империја“ против Јордан Камчев и други 12 осомничени лица поради постоење на основано сомнение за сторени кривични дела „Злосторничко здружување„, „Оштетување или повластување на доверители“, „Злоупотреба на службената положба и овластување“, „Измама“ и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ во периодот од 2002 до 2013 година. Во истиот период на Јордан Камчев и други 4 осомничени лица од овој предмет им беше определена мерка притвор од страна на судија на претходна постапка во траење од 30 дена, а во декември 2018 година Апелациониот суд Скопје мерката притвор за првоосомничениот Јордан Камчев ја замени со поблага мерка т.е. куќен притвор.

На 30.01.2019 година Врховниот суд на Република Северна Македонија донесе начелно правно мислење со кое по истекот на рокот од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност, како кумулативен услов, кој не може да биде пречекорен сметано од денот на прием на материјалите од неовластено следење на комуникации од член 2 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, СЈО не е овластен тужител за предистражни и истражни дејствија. Со ова начелно правно мислење на осомничените лица во предметот „Империја“ им беа укинати мерките за обезбедување на присуство.

На 15.07.2019 година беа уапсени Бојан Јовановски (сега обвинет во предметот „Рекет“) и Зоран Милевски (сега веќе осуден во предметот „Рекет“) за наводен рекет врз бизнисмени и политичари. На истите им беше определена мерка притвор од страна на судија на претходна постапка во Основниот кривичен суд во Скопје. Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (во понатамошниот текст: ОЈОГОКК) во август 2019 година објави соопштение за јавност[1] дека води истрага

[1] http://jorm.gov.mk/javen-obvinitel-pod-istraga-za-zloupo/



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

во врска со предметот „Рекет“, а на 21.08.2019 година беше уапсена и Специјалната јавна обвинителка Катица Јанева на која и беше и определена мерка притвор во траење од 30 дена.

Според ОЈОГОКК, Бојан Јовановски како првообвинет влијаел врз јавниот обвинител на СЈО, Катица Јанева, истата да изврши службено дејствие што не смеела да го изврши во рамки на истражната постапка во предметот „Империја“ што ја води СЈО за да му ја олесни положбата на еден од осомничените во таа постапка (бизнисменот Јордан Камчев, кој во предметот „Рекет“ се јавува како сведок), односно мерката притвор да му биде заменета со куќен притвор, а во иднина осомничениот Јордан Камчев да биде во својство на заштитен сведок или пак да склучи спогодба за вина и да плати незначителна сума на штета. Како посредник во овој случај се јавува и третообвинетиот, сега веќе осудениот Зоран Милевски, кој ја призна вината на првото одржано рочиште по предметот. За извршување на горенаведените дејствија, според обвинението, обвинетите примиле награда од сведокот Јордан Камчев во износ од 1.500.000 евра.

На 10 октомври 2019 година ОЈОГОКК поднесе обвинение против три лица и тоа:

- против првообвинетиот Бојан Јовановски за кривично дело „примање награда за противзаконито влијание“ по **чл.359 ст.7 вв. ст.3 вв.ст.2 вв. чл.22 од КЗ** и за кривично дело „перење пари и други приноси од казниво дело“ по **чл. 273 ст.1 од КЗ;**
- против второобвинетата Катица Јанева за кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“ по **чл.353 ст.3 вв. ст.1 од КЗ;**
- против третообвинетиот Зоран Милевски за кривично дело „примање награда за противзаконито влијание“ по **чл.359 ст.7 вв. ст.3 вв.ст.2 вв. чл.22 од КЗ.**



Првото рочиште по овој предмет со референтен број КОК-116/19 беше насрочено на 03.12.2019 година, односно скоро 2 месеци по поднесување на обвинението од страна на ОЈОГОКК до Основниот кривичен суд Скопје. Законот за кривична постапка (во понатамошниот текст: ЗКП) им дава можност на обвинетите во судската постапка да признаат вина дека го сториле кривичното дело што им се става на товар согласно чл.381 од истиот. На самото рочиште, третообвинетиот Зоран Милевски ја призна вината дека го сторил кривичното дело што му се става на товар, по што судот ја раздвои постапката за овој обвинет и донесе осудителна пресуда со која му одреди казна ефективен затвор во траење од 3 години.

Постапката за останатите двајца обвинети продолжи понатаму и истата заврши на 18.06.2020 година со објава на пресудата. Судот ги прогласи обвинетите за виновни дека ги сториле кривичните дела кои им се ставаат на товар и им изрече единствена казна затвор во времетраење од 9 години за првообвинетиот Бојан Јовановски и 7 години за второобвинетата Катица Јанева.

## 1. Прашања што произлегуваат од постапката

### 1.1 Оцена на обвинителниот акт и докази на кои се темели обвинението (вештачење на снимките и предлагање докази што не се прибавени)

Со поднесување на обвинителниот акт, јавното обвинителство достави и листа на докази врз основа на која го темели обвинението против обвинетите, во која листа дел од доказите се однесуваат на наредби за вештачења кои сè уште не биле изготвени, како и предлог за продолжување на изречените мерки за обвинетите, сметајќи дека сè уште постојат причините за определување на мерката притвор предвидени во член 165 од Законот за кривичната постапка (ЗКП).

Вака поднесениот обвинителен акт подлегна на оценка од страна на Советот за оцена на обвинителен акт на Основниот кривичен суд Скопје, кој постапувајќи по приговорите на обвинителниот акт, на нејавна седница, одржана на 8.11.2019 година, без присуство на странките во постапката, донесе решение со кое приговорите на осомничените се одбиваат како неосновани, а обвинителниот акт се одобрува во целост.

Согласно член 321 став 1 точка 5 од ЗКП, обвинителниот акт треба да ги содржи доказите врз кои се темели истиот. Исто така согласно член 336 став 2 од ЗКП, „при оцена на обвинителниот акт, судијата или советот за оцена на обвинителниот акт го цени обвинителниот акт од аспект на наводите наведени во приговорот против обвинителниот акт, списите на предметот и доказите доставени во прилог на обвинителниот акт“.

Се поставуваат прашањата:

- како советот кој одлучувал за оценка на обвинителниот акт можел разумно да донесе одлука во однос на истиот, при услови кога дел од доказите наведени во обвинителниот акт воопшто не се прибавени, ниту пак е позната нивната содржина, а воедно и
- како може обвинителството да предлага докази кои не се прибавени, односно да го темели обвинението на докази, во овој случај вештачења, чија содржина сè уште не е позната, и за кои не е сигурно дека го поткрепуваат обвинението?

### 1.2 Правна квалификација на делото

Што се однесува на класификацијата на кривичното дело кое му е ставено на товар на првообвинетиот – перење пари и други приноси од казниво дело согласно член 273 став 1 од ЗКП, истата е збунувачка од аспект на самото исполнување на битието на кривичното дело. Имено, перењето пари е илегален процес на стекнување на голема сума пари генерирани од криминална активност, кои навидум изгледаат дека потекнуваат од легитимен извор. Парите од криминалната активност се сметаат за „ валкани“, а процесот „ги пере парите“ за да можат да изгледаат „чисто“, односно легално заработени. Перењето пари најчесто е процес кој поминува низ три фази: фаза на пласман, фаза на прикривање и фаза на интеграција. Во првата фаза парите се внесуваат во системот на финансиски институции или во стопанството, во втората фаза се врши прикривање на изворот на средствата по пат на креирање на цел систем финансиски трансакции коишто имаат за цел да го оневозможат следењето на трагата на сомнителните пари, додека пак интеграцијата претставува последна фаза во процесот на перење пари.



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

Во оваа фаза парите се интегрирани во легитимниот економски и финансиски систем и претставуваат составен дел од вкупните средства во тој систем. [2]

Директивата на Европската заедница 2005/60/ЕЗ за спречување на користење на финансискиот систем со цел перење пари и финансирање на тероризам, перењето на пари го дефинира како „прикривање на вистинската природа, изворот на парите, претворање и пренос на имотот (средства) во смисла на прикривање на незаконско потекло, односно здобивање, поседување или употреба на средства стекнати од казниво дело.[3]

Оперативната Група за определување на дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам – ФАТФ го дефинира поимот за перење пари како „процес преку кој добивките за кои основано се верува дека потекнуваат од криминална активност се транспортираат, трансферираат, трансформираат, конвертираат или се вградуваат во легалните фондови, со цел да се прикрие нивното потекло, изворот, движењето или сопственоста“.[4]

Нашиот законодавец перењето пари го дефинира како пуштање во оптек, примање, преземање, заменување или раситнување пари од поголема вредност што се добиени со казниво дело или за кои се знае дека се прибавени со казниво дело.[5] Сепак, треба да се има предвид дека пуштањето во оптек се однесува на последната фаза од процесот на перење пари, погоре опишана како фаза на интеграција каде парите се интегрираат во легалниот економски систем и се пуштаат во оптек.



Да се навратиме на нашиот случај, каде првообвинетиот согласно обвинителниот акт е обвинет за кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело, и начинот на кој го сторил тоа е со пуштање во оптек на паричните средства што ги прибавил со кривичното дело – Примање награда за противзаконито влијание, имено со купување на луксузен мебел, облека и обувки од модни дизајнери. Оттука, може да се заклучи дека првообвинетиот не сторил дејствија на прикривање на вистинската природа на илегално стекнатиот имот, туку едноставно ги трошел илегално стекнатите пари на материјални добра. Нејасно е зошто купувањето на материјални добра со илегално стекнати пари е класифицирано како кривично дело од чл. 273 став 1 од КЗ, бидејќи таквото дејство, само по себе не го исполнува битието на казненото дело перење пари. Доколку тоа би било така, во тој случај и обвинетиот кој извршил кривично дело кражба и украл пари за да купи храна или облека би требало да биде обвинет како за кражба, така и за перење пари, бидејќи храната ја купил со илегално стекнати пари, односно истите ги пуштил во оптек.

Исто така, друго прашање кое поттикнува конфузија е зошто само првообвинетиот е обвинет за кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело, во услови кога сите три лица посочени во обвинителниот акт се обвинети дека земале пари, па доколку е така нејасно е зошто само еден од нив се товари за тоа кривично дело. Доколку пак, првообвинетиот е тој кој ги „перел“ парите и на останатите обвинети, тогаш се покренува прашањето дали можеби обвинетите сториле кривично дело - Злосторничко здружување казниво со чл. 394 од КЗ. Овие прашања во текот на постапката ниту еднаш не беа ниту, коментирани, ниту образложени и фрлаат сомнеж врз целосната правна квалификација на

[2] Спречување на перење пари кај финансиските институции, д-р Гоце Трајковски Скопје, 2011 година, стр.10-12
[3] https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32005L0060&from=EN
[4] http://www.ufr.gov.mk/files/docs/priracnik%20za%20perenje%20na%20pari.pdf
[5] Чл. 273 став 1 од Кривичен законик

кривичните дела кои се ставаат на товар на обвинетите. Имајќи го предвид фактот дека судот не е врзан за правната квалификација од поднесеното обвинение, истиот при своето постапување и одлучување е должен врз основа на Кривичниот законик правилно да ја определи правната квалификација на дејствијата согласно наводите истакнати во обвинителниот акт. Така во поткрепа на погоре наведеното, судот можел и требал да го земе во предвид фактот дека станува збор за три лица кои се здружиле со цел да вршат кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна и да квалификува кривично дело Злосторничко здружување согласно чл. 394 од Кривичниот законик.

### 1.3 Пристап до докази и начело на еднаквост на оружјата

Коалиција „Сите за правично судење“ преку своите професионални набљудувачи го мониторираше текот на целиот судски процес. Она што беше детектирано како пропуст во текот на судскиот процес од страна на професионалните набљудувачи е во поглед на почитувањето на начелото на еднаквост на оружјата.

Врз основа на тоа што дел од доказите при поднесување на обвинениеto, односно вештачењата не биле изготвени, на одбраната и беше скратена можноста да се запознае со сите докази кои се ставаат на товар во моментот на поднесување на обвинението. Покрај тоа, одбраната реагираше и на фактот што не и била дадена можност да добие копија од списите на предметот кои се чуваат во јавното обвинителство, а кое право е загарантирано согласно чл. 79 став 2 од ЗКП, а воедно го опфаќа и принципот на контрадикторност и еднаквост на оружјата во постапката. Имено, на одбраната и била дадена можност само да направи препис на лице место на доказите кои се ставаат на товар на обвинетите, а со оглед на енормниот број на докази приложени кон обвинителниот акт, апсурдно е истите да се препишуваат при постоење на технологии кои ги нуди едно модерно општество.



Во овој поглед, одбраната се повика на случајот *Доленец против Хрватска*[6] каде Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) го зазема ставот дека неограничениот пристап до списите на предметот и неограничена употреба на какви било белешки, вклучително, доколку е потребно, и можност за добивање копии на релевантни документи, се важни елементи на фер и правично судење во кривичната постапка. Во конкретниот случај жалителот немал таков пристап, со што му била овозможена еднаквост на оружјето кое нешто претставува повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата. ЕСЧП во истиот случај посочил дека членот 6 од Конвенцијата, прочитан како целина, го гарантира правото на обвинетиот да учествува ефикасно во кривично судење. Концептот на „ефективно учество“ во кривично судење вклучува право на составување белешки за да се олесни спроведувањето на одбраната.

Во случајот *Галстијан против Ерменија*[7], ЕСЧП утврдил дека членот 6 од Конвенцијата му гарантира на обвинетиот „адекватно време и простор за подготовка на својата одбрана“ и воедно подразбира дека бранителите имаат право да направат се што е „неопходно“ за да се подготви одбраната. На обвинетиот мора да му се даде можност да ја подготви својата одбрана на соодветен начин и без ограничување во однос на можноста да ги истакне сите релевантни аргументи за одбрана

---

[6] А.бр. 25282/06, пресуда на ЕСЧП од 26 февруари 2010 година

[7] А.бр. 26986/03, пресуда на ЕСЧП од 15 февруари 2008 година

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

пред судот и на тој начин да влијае на исходот на постапката, и токму поради тоа, истиот има право да се запознае со резултатите од истрагата спроведени во текот на постапката.

Понатаму, дел од доказите на кои се темели обвинението, се однесуваат на снимки, кои според одбраната не се автентични и законити и како такви не треба да се земат предвид при донесување на пресудата. Имено, за овие докази нема законска рамка за постапување, за разлика од таканаречените „бомби“ на Специјалното јавно обвинителство (СЈО) за кои што има утврдена законска рамка, додека пак во однос на неовластеното снимање од страна на првообвинетиот, второобвинетата има поднесено приватна тужба против него за неовластено снимање.

Согласно чл. 12 став 2 од ЗКП „Доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и на нив не може да се заснова судската одлука.“ Исто така согласно член 110 став 1 од новиот Закон за јавно обвинителство, „Јавното обвинителство не може да го заснова обвинението врз основа на незаконски прислушкувани материјали.“ Исклучок на ова се само предметите поднесени до надлежниот суд до 30 јуни 2017 година. Оттука, се поставува прашањето кој третман ќе го имаат овие докази во поглед на донесување на одлука од страна на судот и колку истите ќе влијаат при одлучувањето за вината на обвинетите.

Во случајот *Гефген против Германија*[8], ЕСЧП утврдил дека при одредување дали постапката како целина била правична, мора да се води сметка за тоа, дали биле испочитувани правата на одбраната. Она што особено треба да се испита, е дали на жалителот му била дадена можност да ја оспори автентичноста на доказите и да се спротивстави на употребата на истите. Покрај тоа, мора да се земе предвид и квалитетот на доказите, како и околностите, во кои истите биле прибавени и дали околностите фрлаат сомнеж врз веродостојноста или точноста на доказите. Од една страна, не треба по автоматизам да се укажува на проблем со правичноста на постапката во случаите каде прибавените докази не се поткрепени со друг материјал, а од друга страна, може да се каже дека во случаите каде доказите се многу силни и каде не постои ризик истите да се неверодостојни, потребата од поткрепување на доказите е соодветно на тоа послаба.



Еднаквоста на оружјето е карактеристично обележје на правичното судење.Таа бара да и се даде разумна можност на секоја страна да до изложи својот случај под услови што не ја ставаат во значително подредена улога во однос на другата страна.На 09.04.2020 година одбраната на првообвинетиот во постапката поднесе предлог до судот за вештачење на неговиот мобилен телефон со образложение дека истиот не е целосно вештачен. Јавниот обвинител се спротивстави на предлогот на одбраната со образложение дека мобилниот телефон е вештачен само во периодот за кривичноправниот настан кој што е опишан во обвинението. Ваквиот предлог на одбраната судот го одби како неоснован Имено, важно е да се напомене дека мобилниот телефон на првообвинетиот во истражната постапка со наредба на јавниот обвинител е одземен, па оттаму одбраната немаше можност да изготви свое вештачење со оглед на тоа дека немаа пристап до телефонот. Она што дополнително се јавува како дилема е тоа што јавниот обвинител на 26.05.2020 година во своите завршни зборови направи измена на обвинителниот акт во точката 2 каде што се проширува периодот за сторување на кривичното дело „примање награда за противзаконито влијание“ односно дека од ноември 2017 година обвинетиот Бојан Јовановски ги пуштил

[8] А.бр. 22978/05, пресуда на ЕСЧП од 01 јуни 2010 година

парите во оптек. Оттаму, се поставува прашањето дали е целосно извештачен мобилниот телефон со оглед на тоа дека истиот е само вештачен за периодот ноември 2018 година - април 2019 година, период кој што е наведен и во самиот обвинителен акт.

Во членот 70 од ЗКП, се детално наведени правата на обвинетиот кој што ги има во текот на кривичната постапка, а како едно од основните права е обвинетиот да има доволно време и можности за подготовка на своја одбрана, да има можност да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите факти и докази што му одат во прилог. Исто така, членот 305 од ЗКП дозволува бранителот на обвинетиот во постапката да може да му дава предлози на јавниот обвинител за преземање на определени истражни дејствија за собирање на докази. Согласно законот по кој што се води оваа постапка, одбраната има право да ангажира технички советник за одредени стручни прашања или пак за оспорување на вештачењето. Со оглед на одлуката на судот за одбивање на предлогот на одбраната за вештачењето на телефонот, се поставува прашањето дали е целосно почитувано начелото на еднаквост на оружјата, како и дали беа почитувани правата на обвинетите целосно во оваа постапка согласно законот?

Европскиот суд за човекови права  има заземено став и донесено повеќе пресуди поврзани со повреда на чл.6 од ЕКЧП што се однесуваат на начелото на еднаквост на оружјата. Според ЕСЧП, не се почитува еднаквоста на оружјата во случаите кога било одбиено барањето на обвинетиот за презентирање алтернативно експертско мислење. Со оглед на тоа што на обвинетиот не му било овозможено да го оспори вештото мислење презентирано како доказ од јавниот обвинител, ЕСЧП оценил дека обвинетиот бил лишен од можноста да изнесе аргументи во своја одбрана под истите услови како и обвинителството.[9]

Правилата за прифатливост на докази понекогаш може да бидат спротивни на принципите на еднаквост на оружјето и контрадикторна постапка, или да влијаат на правичноста на постапките. Во контекст на вештачењата, правилата за нивна прифатливост не смеат да ја одземаат можноста на одбраната да можат да ја побијат нивната содржина, особено со алтернативни наоди и мислења. Поради тоа, во одредени околности, одбивањето да се дозволи алтернативно вештачење на материјални докази може да се смета за повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата (*Матитстина против Русија*)[10]

Она што треба исто така да се потенцира во однос на овој доказ предложен од обвинителството, а според ставовите на ЕСЧП е дека наредбата за вештачење на телефонот на првообвинетиот е дадена од страна на ОЈОГОКК која што е странка во постапката и е користен како доказ против првообвинетиот, а вештачењето не е направено по наредба на судот. Ова остава дополнителен сомнеж кај обвинетиот за непристрасно и независно вештачење односно подготовка на стручно мислење. ЕСЧП смета дека ваквиот начин на постапување на судовите значи дека обвинетиот бил лишен од можноста да изнесе аргументи во своја одбрана под истите услови како и обвинителството што според ЕСЧП претставува повреда на чл.6 од ЕКЧП. *(Stoimenov vs.Macedonia)*. [11]



[9] „Вештачењето и „еднаквоста на оружјата“, Д-р Гордана Лажетиќ – Бужаровска, редовен професор, Д-р Лазар Нанев, вонреден професор, Д-р Олга Кошевалиска, доцент, стр.5
[10] А.бр. 58428/10, пресуда на ЕСЧП од 27 март 2014 година
[11] А.бр. 17995/02, пресуда на ЕСЧП од 5 јули 2007 година

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

### 1.4 Измена на обвинителен акт / предлог за изрекување на мерка проширена конфискација

По завршувањето на доказната постапка, со давањето на завршните зборови јавниот обвинител направи „прецизирање на обвинението“, конкретно во делот кој се однесува на првообвинетиот Бојан Јовановски, поточно дека истиот ги пуштил во оптек парите прибавени со кривичното дело „примање награда за против законито влијание“ во период кој започнува од месец ноември 2017 година и завршува со 15.07.2019 година, на кој начин обвинетиот го сторил кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273, став 1 од КЗ.[12] Со измената на обвинителниот акт, јавниот обвинител воедно предложи сите привремено одземени предмети од обвинетиот да бидат конфискувани со мерката проширена конфискација.

Ваквата измена на обвинението покренува неколку прашања, од кои основното е поврзано со праксата на јавните обвинители да вршат измени во обвинителните акти и предлози со давањето на завршните зборови, прашање кое е често дискутирано помеѓу правниците. Измената на обвинението е регулирана со членот 393 од ЗКП, согласно кој член ако обвинителот оцени дека изведените докази укажуваат дека се променила фактичката состојба изнесена во обвинението, може на главната расправа да го измени обвинението. Заради подготовка на одбраната главната расправа може да се одложи“. Согласно ваквите одредби од ЗКП очигледно е дека интенцијата на законот е да дозволи соодветно време за подготовка на одбраната во случај кога со обвинението се прават суштински, а не технички исправки, па поради тоа било која измена на обвинението која се однесува на поврзаност на пресудата со обвинението во смисла на член 398 од ЗКП не би смеела да се направи со давање на завршните зборови, туку во текот на доказната постапка, како би можело во дополнението на доказната постапка согласно член 394 од ЗКП, со цел да се пружи прилика на одбраната за побивање на изменетото обвинение.[13] Во конкретниот случај, јавниот обвинител го прошири периодот во кој е сторено кривичното дело „перење пари“ за повеќе од 12 месеци, што претставува промена на описот на делото кое е предмет на обвинителниот акт. Поради тоа, со измената на обвинението со давањето на завршни зборови на јавниот обвинител, судот повеќе и нема можност да и дозволи на одбраната соодветно да се подготви, бидејќи доказната постапка е веќе завршена, а во завршните зборови не смеат да се изнесуваат и презентираат докази.[14]

Второто прашање поврзано со измената на обвинението е од материјална природа, поточно со измената е променет периодот на сторување на кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело“, но не и времето на сторување на кривичното дело „примање награда за против законито влијание“. На овој начин хронолошкиот редослед на настаните добива нелогичен тек, па така парите кои се стекнати со извршување на кривичното дело „примање награда за против законито влијание“ на



[12] Првичната верзија на обвинителниот акт го товареше првообвинетиот дека истиот ги пуштил во оптек парите во првата половина на 2019 година.

[13] Г. Калајџиев, Г. Лажетиќ, Л. Неделкова, М. Денковска, М. Тромбева, Т. Витларов, П. Јанкуловска, Д. Кадиев, Коментар на Законот за кривичната постапка, Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2018 година, стр. 806.

[14] Согласно член 398 од ЗКП, пресудата може да се однесува само на лицето кое е обвинето и само на делото кое е предмет на обвинението. Согласно овој член судот не е врзан за правната квалификација на делото, но е врзан со фактичкиот опис на обвинението во смисла на начинот и времето на сторување на кривичното дело. Членот 394 од ЗКП нуди можност по завршување на доказната постапка, а пред давањето на завршните зборови, судот да им овозможи на странките да прибават и презентираат докази кои се однесуваат на новите околности

почетокот на 2019 година, се пуштени во оптек една година порано, односно почнувајќи од ноември 2017 година, кога обвинетото лице сè уште не ги имало парите во владение за да може да го стори кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело".

Во оваа ситуација судот правилно одлучи да го ослободи обвинетиот за најголем дел од периодот опфатен во измената на обвинението, но сепак истиот прифати дека кривичното дело е сторено почнувајќи од ноември 2019, односно два месеца порано од периодот опфатен со истрагата и обвинителниот акт. Во вакви околности, останува да се види образложението на судот за прифаќањето на дел од измените во обвинението кои настанаа со давањето на завршните зборови на обвинителот.

Дополнителни прашања се провлекуваат во поглед на барањето за проширена конфискација, тема со која домашното судство нема практично искуство. Целта на конфискацијата, како посебна мерка е да се оневозможи располагање со нелегално стекнат имот, која се покажува како доста успешна во борбата со организираниот криминал, тероризмот, корупцијата и останатиот финансиски мотивиран криминал. Проширената конфискација е специфичен тип на конфискација, која за прв пат добива широка афирмација со Конвенцијата на Обединетите нации Против транснационален организиран криминал, со која практично се охрабруваат државите да воведат механизми за одземање на имотот стекнат определен период пред сторување на кривичното дело во случаите кога станува збор за тешки кривични дела поврзани со перењето на пари, транснационален криминал, трговија со луѓе и дрога, корупција и слични други кривични дела.[15] Истата е понатаму разработена во повеќе документи на Обединетите нации и Советот на Европа, а во главно со проширената конфискација се воведува претпоставка за криминално потекло на имотот стекнат во период пред сторување на кривично дело со кое се стекнува незаконска корист, без притоа да постои судска одлука за конкретна поврзаност на тој имот со некое претходно сторено кривично дело, нешто што е неопходно кај посредната или непосредната конфискација кои го таргетираат имотот настанат како резултат на конкретно кривично дело. Ваквата претпоставка за нелегално потекло на имотот пред сторување на кривичното дело се заснова на криминалниот начин на живот на обвинетиот, а за нејзина реализација неопходно е обвинетото лице да не успее да го докаже легалното потекло на имотот, без притоа обвинителот да мора да докаже надвор од разумно сомневање дека тој имот потекнува од конкретно кривично дело. Во случаите на проширена конфискација ЕСЧП во својата ограничена пракса има одлучено дека е дозволено одредено префрлање на товарот на докажување на легалното потекло на имотот врз обвинетото лице, сè доколку не биде извршено префрлање на товарот за докажување во поглед на вината за кривичното дело.(*Филипс против Обединетото Кралство*) [16]

Кај нас, проширената конфискација е регулирана во Кривичниот законик во членот 98-а, кој предвидува дека „од <u>сторителот на кривично дело сторено во рамките на злосторничко здружение</u> со кое се остварува имотна корист и за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, како и <u>кривично дело во врска со тероризмот од членовите 313, 394-а, 394-б, 394-в и 419</u> на овој законик за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна *<u>или е поврзано со кривичното дело перење пари</u>* за кое е пропишана казна затвор од најмалку четири години, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период пред осудата што судот го определува според околностите на случајот, но не подолг

[15] United Nations Convention against Transnational Organized Crime and the Protocols Thereto, United Nations, New York, 2004,
[16] А.бр. 41087/98 пресуда на ЕСЧП од 12 декември 2001 година



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

од пет години пред сторувањето на делото, кога врз основа на сите околности судот основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело.“ Првото и основно прашање поврзано со предлогот за конфискација е токму во поглед на апликативноста на истата во конкретниот случај согласно дадената дефиниција во КЗ. Од самиот член 98-а не е сосем јасно дали проширената конфискација може да се изрече кон сторителот на кривично дело перење пари, кое не е поврзано со кривично дело во врска со тероризмот или со злосторничко здружение? Секако голем број на меѓународни документи го охрабруваат применувањето на проширената конфискација за кривични дела кои придонесуваат кон неосновано збогатување и прикривање на имотот, како што е кривичното дело „перење пари“, но притоа не може да се изземе уреденоста на проширената конфискација во домашното законодавство и претворањето на одредбите од меѓународните Конвенции во домашните закони. Впрочем, во оваа насока е битно да се истакне дека голем дел од конвенциите кои Македонија ги има ратификувано исто така овозможуваат и ги охрабруваат државите да овозможат примена на проширената конфискација и за кривични дела поврзани со злоупотреба на службената положба, давање и примање поткуп и други корупттивни кривични дела, кои согласно домашниот КЗ не се подобни за изрекување на проширена конфискација. Ова значи дека меѓународните документи даваат општа правна рамка во која националните законодавства имаат голема слобода како да се движат, на кој начин и до кој степен да ги имплементираат механизмите кои конвенцијата ги промовира. Во контекст на ова говори и фактот што конфискацијата на имот е како ретко кое друго поле од кривичното право, бидејќи постојат големи разлики помеѓу националните правни системи во поглед на начинот на кој истите ја регулираат конфискацијата, поради што голем дел од државите имаат концепти кои не се компаративни со концептите во други правни системи[17]. Конкретно ако се анализира користената терминологија на членот 98-а од КЗ, може да забележиме дека кривичните дела од областа на тероризмот и злосторничкото здружување се директно таргетирани со проширената конфискација, но терминологијата налага кривичното дело перење пари да е поврзано со некое друго кривично дело, односно истото не е директно и самостојно посочено како останатите две групи на кривични дела. Во овој контекст, може сосем логично да се тврди дека кривичното дело перење пари е ставено како дополнителен алтернативен услов за изрекување на проширената конфискација во случаите кога е сторено кривично дело од областа на тероризмот (пропишана казна од најмалку 5 години или поврзаност со кривичното дело перење пари), и ваквото тврдење да има иста логичка вредност како и тврдењето дека „перењето пари“ е посебно и самостојно предвидено како дело за кое може да се изрече проширена конфискација. Во ваква ситуација, кога одредбите од КЗ не се доволно јасни и прецизни, мора да се внимава со нивното толкување како не би се нарушила правната сигурност и предвидливост, ниту пак би се навлегло во прекршување на правилото „nullum crimen nulla poena sine lege certa“, поради што е неопходно темелно образложение на одлуката на судот, особено во отсуство на соодветни образложенија на предлогот за конфискација од страна на јавниот обвинител. Во отсуство на било каква судска пракса до сега во поглед на примената на проширената конфискација, постапувањето на судот би требало да биде уште толку повеќе внимателно и темелно образложено.

Од друга страна, дури и да се апстрахираме за момент од прашањата поврзани со исполнувањето на битието на делото „перење пари“ со самото трошење на средствата стекнати со кривичното дело (дискутирано погоре), како и на применливоста на проширената конфискација кај



[17] Ligeti, K., Simonato, M. Chasing Criminal Money. Challenges and Perspectives on Asset Recovery in the EU, Hart Publishing, Oxford, 2017, p. 25.

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

кривични дела „перење пари“ без да постои нивна поврзаност со кривичните дела од областа на тероризмот и злосторничко здружување, повторно наидуваме на препрека која е вредна за дискусија. Имено, она што е јасно во одредбите на членот 98-а од КЗ е дека за да може да се изрече проширена конфискација во врска со кривичното дело перење пари е неопходно да е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, додека пак обвинетиот во конкретниот случај се товари за кривичното дело „перење пари“ од член 273, став 1 од КЗ, за кое е пропишана казна затвор од 1 до 10 години. Повторно, од аспект на правната сигурност и предвидливост, гледајќи ја терминологијата искористена во членот („дело за кое е предвидена казна затвор од најмалку 4 години“, а не „дело за кое може да се изрече казна од 4 години или построга казна“) подразбира дека за конкретното дело најниската предвидена казна мора да биде казна затвор од 4 години, додека во конкретниот случај минималната казна е која е предвидена за делото за кое се товари првообвинетиот е 1 година затвор, во кој случај проширената конфискација не би можела да биде апликативна.

Дополнителни прашања кои се провлекуваат како последица на барањето на проширена конфискација се поврзани со кривичната и финансиската истрага, следењето на текот на парите, како и префрлањето на товарот на докажување, како во поглед на легалното потекло на имотот, така и во поглед на докажувањето на постоењето на кривичното дело и вината на обвинетото лице. Она што е веднаш воочливо е што ниту во предлогот за конфискација, ниту во обвинителниот акт, ниту пак на главната расправа јавниот обвинител не ја прецизираше вредноста на имотот кој е привремено одземен и кој е побарано да биде конфискуван. Согласно членовите 530 и 532 од ЗКП, јавниот обвинител е должен да прибира докази кои се однесуваат на имотната корист и висината на износот на нелегално стекнатиот имот, за што има и посебни овластувања да предлага мерки, како и да задолжува институции, правни и физички лица до него да доставуваат податоци и известувања. Иако постојат разлики во поглед на степенот до кој обвинителот треба да ја докаже поврзаноста на имотот со кривично дело во постапките за посредна и непосредна или вредносна конфискација, поточно во постапките за проширена конфискација е дозволено одредено префрлање на товарот на докажување за легалното потекло на имотот врз обвинетото лице, ваквото префрлање не е апсолутно, па така јавниот обвинител сепак има обврска да достави одреден минимум на докази со кои ќе внесе објективен разумен сомнеж за нелегалното потекло на конкретниот имот.[18] Во таа насока е и самата дефиниција во членот 98-а според која судот ќе донесе одлука за проширена конфискација кога ќе биде „основано уверен дека имотот ги надминува законските приходи на обвинетиот“, што повторно укажува на одредена обврска на јавниот обвинител да предложи доволно докази со кои основано, а не надвор од разумно сомневање би го уверил судот дека имотот потекнува од нелегални извори. Дополнително, проширената конфискација не е задолжителна секогаш кога се исполнети законските услови, односно кога се сторени кривичните дела наведени во членот 98-а од КЗ, како и согласно тоа што постапката за конфискација се поведува по барање на јавниот обвинител, укажува на тоа дека истиот мора да располага со определен број на докази кои укажуваат на нелегалното потекло на имотот определен период пред сторување на кривичното дело, иако не е неопходно да докаже конкретна поврзаност на тој имот со некое претходно сторено кривично дело. Поради ова, навистина е невообичаено што не е изготвено вештачење на одземените предмети за да се утврди нивната вредност, особено што во конкретниот случај обвинетите лица се товарат дека нелегално заработиле 1 милион евра. Дополнително прашање кое се надоврзува на ова е поврзано со

[18] Golobinek Robert, Financial investigations and confiscation of proceeds from crime, training manual for law enforcement and judiciary, Council of Europe 2005

недостигот на докази со кои би се овозможило следење на текот на имотот по неговото набавување на нелегален начин, неговата распределба и располагање од страна на обвинетите, како и неговото евентуално префрлање на трети лица, што во крајна линија го повлекува прашањето зошто барањето за конфискација е насочено само кон едно од обвинетите лица во ситуација кога не постојат доволно докази да укажат на тоа дека тоа е единственото лице кое располага со нелегално стекнатиот имот со кривичното дело „примање награда за противзаконито влијание“?

Прашањата во врска со докажувањето на легалното потекло на имотот, во конкретниот случај дополнително се испреплетуваат со докажувањето на вината во поглед на сторувањето на кривичното дело „перење пари и други приноси од казниво дело“ од членот 273, став 1 од КЗ. Во конкретниот случај, привремено одземените предмети за кои е побарана проширена конфискација се истовремено и доказ за сторување на кривичното дело „перење пари“, бидејќи според обвинителниот акт, првообвинетиот ги пуштил во оптек парите стекнати со сторување на кривично дело „примање награда за противзаконито влијание“, на начин што истиот ги купил сега привремено одземените предмети за кои е побарано да се конфискуваат. Ситуацијата е дотолку повеќе искомплицирана доколку се погледнат процесните аспекти на проширената конфискација, па така истата според одредбите на членот 533, став 1 и 2 од ЗКП, ќе биде изречна во случаите предвидени со КЗ, ако обвинетиот во рок од една година од денот на започнување на главната расправа не успее да докаже дека имотот е законски стекнат, а во случаите кога судот ќе донесе пресуда пред истекот на една година, мерката ќе биде дополнително утврдена со дополнителна пресуда по истекот на предвидениот рок. Во конкретниот случај судот ја донесе пресудата пред истекот на рокот предвиден во членот 533, поради што истиот е законски обврзан за барањето за проширена конфискација да одлучи дополнително. Иако ЗКП не нуди одговори на тоа како ќе се спроведе оваа дополнителна постапка во однос на проширената конфискација, кои лица ќе учествуваат и кои права ќе ги имаат истите, она што вистински е проблематично е настанувањето на една парадоксална ситуација, поточно:



- Доколку во конкретниот случај обвинителот не успее да докаже надвор од разумно сомневање дека обвинетиот го сторил кривичното дело „перење на пари“, обвинетиот нема обврска да го докаже легалното потекло на имотот, бидејќи проширената конфискација може да се изрече само од сторител на кривично дело (поврзано со) „перење пари“, па оттука истата нема повеќе да биде апликативна и судот нема да може да ја изрече во овој случај. На овој начин, фактички е оневозможено префрлањето на товарот на докажување на потеклото на имотот;
- Обратно, доколку обвинителот во отсуство на доволно докази за следење на текот на имотот успее да докаже дека обвинетиот сторил кривично дело перење пари само врз основ на непропорционалниот сооднос на легалните приходи на обвинетиот со имотот за кој се бара проширена конфискација, ќе се изврши префрлање на товарот на докажување врз вината за кривичното дело „перење пари“, бидејќи истиот не успеал да докаже дека легално ги стекнал предметите од кои зависи постоењето на кривично дело „перење пари“. Ова е особено проблематично доколку се земе предвид фактот што судот во оваа ситуација ќе мора да одлучи за постоењето на кривичното дело „перење пари“ пред да одлучи за легалното потекло на имотот, па така истиот технички ќе донесе одлука за потеклото на имотот пред одбраната да има прилика да ги презентира сите докази што во крајна линија ја доведува во прашање пресумпцијата на невиност.

Барањето за проширена конфискација е дотолкуповеќе проблематично што на истото може да се гледа како на алтернатива во случај обвинителството да не успее да докаже дека имотот на обвинетиот е поврзан со конкретното кривично дело, или во случај истиот да биде ослободен за проширениот период опфатен со измената на обвинението, имотот да може да се конфискува со проширена конфискација иако е стекнат пред сторување на делото за кое обвинетиот е осуден. Ова е дотолку повеќе битно ако се навратиме на прашањата за недостиг на доволно докази прибрани со финансиска истрага и кои се однесуваат на следење на имотот и откривање на незаконски стекнатата корист со кривичното дело. Во ваква ситуација, проширената конфискација може да биде искористена со цел да се одземе имот поврзан со кривично дело за кое обвинетиот не бил прогласен за виновен, што може да покрене сериозни прашања во однос на пресумпцијата на невиност и правото на фер и правично судење. ЕСЧП сè уште нема воспоставено цврста пракса и сè уште нема дадено прецизен одговор на многу прашања кои се поврзани со конфискацијата на имот, додека од друга страна пак, ЕСЧП применува прилично казуистичен и индивидуалистички пристап, што дополнително придонесува кон неможноста да се најде воедначен и умерен пристап при примената на проширената конфискација. Сепак, она што ЕСЧП го има поставено како критериум на одлучување е поврзано со природата на конфискацијата и нејзината примена како казна или како мерка, при која оцена ЕСЧП не се раководи согласно домашното законодавство туку ги применува критериумите поставени во случајот *Енгел и други против Холандија*, согласно кои критериуми судот одлучува дали одредена мерка има ретрибутивна, реститутивна или превентивна природа, независно од тоа како истата е регулирана со домашното право.[19] Во овој контекст неопходно е да се додаде дека ЕСЧП има одлучено во неколку наврати дека конфискувањето на предмети во кривична постапка кои не се поврзани со организирани криминални групи, без да постои осудителна пресуда, во системите кои немаат воведено цивилна конфискација (во кои спаѓа и Македонија) може да претставува прекршување на членот 6 и членот 7 и членот 1 од Протоколот 1 на ЕКЧП, особено доколку истата се применува како прикриена казна во случаите каде обвинителството не може да го докаже надвор од разумно сомневање постоењето на кривичното дело.[20]

Поради ова е судот правилно одлучи што не го прифати барањето за проширена конфискација, па истиот одреди посредна конфискација, односно одземање на имотот во кој е претворена нелегално стекнатата имотна корист со кривичното дело. Иако изрекувањето на конфискацијата на имот е за поздравување, особено доколку се земе предвид дека конфискацијата се изрекува прилично ретко, особено во случаите поврзани со корупција, сепак ваквата одлука на судот повлекува неколку прашања. Првото и основно прашање се однесува на идентификувањето на имотот кој е стекнат со кривичното дело и кој се конфискува, а е поврзано со отсуството на податоци како во барањето на обвинителот, така и во одлуката на судот во врска со висината и потеклото на имотот кој се конфискува. Тука треба да се земе предвид првенствено фактот што со изрекување на непосредна, посредна или вредносна конфискација, обвинителот носи поголем товар на докажување на потеклото на имотот и поврзаноста со кривичното дело отколку кај проширената конфискација. Дополнителен факт кој треба да се има предвид е незаконски стекнатата имотна корист од 1.5 милиони евра, а имотот кој треба да се конфискува се состои од луксузни добра, како скапа облека, накит и уметнички слики. Поради овие околности, се јавува оправдан сомнеж дека со одлуката за конфискацијата на имот не е опфатен целиот незаконски стекнат

[19] А.бр. 5370/72, пресуда на ЕСЧП од 23 ноември 1976 година

[20] Суд Фонди и други против Италија 75909/01; Варвара против Италија 17475/09; Парапониарис против Грција 42132/06; Герингс против Холандија 30810/03



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

имот, или пак истиот не е одземен од сите лица кои се стекнале со ваква незаконска корист поради сторување на делото.

Дополнителни прашања во постапката се јавуваат во поглед на тоа во колкава мера судот е врзан со барањето за конфискација на јавниот обвинител? Имајќи предвид дека во конкретниот случај обвинителот побара проширена конфискација, а како што беше напоменато и погоре, во такви случаи законот дава рок од една година од започнување на главната расправа обвинетиот да го докаже потеклото на својот имот. Доколку судот донесе пресуда пред завршување а рокот од една година, што беше случај во овој предмет, истиот согласно член 533 од ЗКП ќе определи дополнителен рок и во поглед на барањето за конфискација ќе одлучи со дополнителна одлука. Иако во овој случај, со оглед на тоа што обвинителот го поднесе барањето за проширена конфискација со завршните зборови, како и со оглед на тоа што судот ја определи конфискацијата со пресудата, неколку денови по давањето на завршните зборови и тоа врз основа на членовите 97, 97-а и 98 од КЗ, а не и на 98-а, ефективно беше скратен периодот од една година кој ЗКП го предвидува како гаранција за правата на обвинетиот кон кого е насочено барањето за проширена конфискација.

Ова прашање се јавува и во однос на второобвинетата во овој предмет, бидејќи јавниот обвинител не поднесе барање за конфискација на имот кој истата го стекнала со сторување на кривичното дело, а судот сепак одлучи од истата да се конфискува имот во вредност од 50.000 евра. Иако согласно членот 97 од КЗ никој не може да ја задржи посредната и непосредната корист стекната со кривичното дело, обврската како за докажување на постоење на кривично дело, така и за поврзаноста на имотот со кривичното дело ја има јавниот обвинител. Во насока на тоа повторно ги спомнуваме членовите 530, 532, како и мерките од членот 202 од ЗКП, согласно кои обвинителот е тој кој треба да прибавува докази за утврдување на вредноста на имотот, што значи дека истиот мора да внесе одреден објективен сомнеж за постоењето на незаконска имотна корист. Во конретниот случај, како што беше напоменато, беа приложени исклучително малку докази кои се однесуваат на имотната корист стекната со кривичното дело, како и следење на движењето и располагањето со незаконски стекнатата имотна корист, па обвинението во поглед на злоупотребата на службената положба во главно се темелеше на искази на сведоци и други материјални докази, но не и на докази кои укажуваат дека обвинетото лице примило незаконска имотна корист за сторување на делото. Поради ова, јавниот обвинител воопшто и не поднесе предлог за конфискување на незаконски стекната имотна корист од ова лице, а обвинетото лице воопшто и немаше прилика да ги побива наводите и доказите на обвинителот за незаконското потекло на имотната корист. Тука повторно треба да се има предвид, дека стандардите на докажување на незаконското потекло на имотот од конкретно кривично дело со цел изрекување на посредна, непосредна или вредносна конфискација се повисоки отколку при изрекувањето на проширената конфискација. На ова се надоврзува и фактот дека кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување може да биде направено и со цел да се овозможи корист за трето лице, а во конретниот случај согласно теоријата на случај на обвинението со постапувањето на обвинетата во својство на јавен обвинител на СЈО истата причинила корист за сведокот во оваа постапка со тоа што преземала дејствие кое не смеела да го преземе со цел да овозможи укинување на мерката притвор, па со тоа автоматски е исполнета квалификацијата на делото, без да има потреба да постои конкретна имотна корист. Во оваа смисла, незаконски стекнатата имотна корист не смее да биде претпоставена.



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

Во однос на овие прашања, ЗКП не нуди конкретни одредби кои се однесуваат на начинот на поведување на постапката за конфискација, но доколку се погледнат останатите членови во ЗКП можеме да забележиме дека согласно членот 39, јавниот обвинител има право и обврска да предлага мерки за привремено одземање на имот и предмети заради обезбедување со цел извршување на мерката конфискација. Претходно беа напоменати членовите 202, 530 и 532 согласно кои обвинителот е тој кој има право и обврска да прибира докази кои се однесуваат на утврдување на вредноста на незаконски стекнатиот имот. Доколку на ова се надоврзе и одредбата од членот 539 согласно која прашањата кои не се уредени со посебни одредби за постапката за конфискација се применуваат останатите одредби од кривичниот законик, согласно кои сите постапки за изрекување на било каква санкција, или мерка која се утврдува со кривична постапка се поведуваат по предлог на овластен тужител- кој во случајот е јавниот обвинител. Согласно ова, може да се каже дека судот не може да ја изрече мерката доколку јавниот обвинител не поднел барање за изрекување на истата, во прилог на што говори и судската пракса, па дури и укажувањата на самите судии дека конфискацијата се изрекува многу ретко поради недостигот на барања за конфискација од страна на јавните обвинители.

Како последно прашање кое се однесува на изрекувањето на мерката конфискација кон втораобвинетата се наметнува со одлуката на судот согласно која имотот во вредност од 50.000 евра ќе се конфискува и од трети лица доколку истиот не може да биде одземен од ова лице. Ваквата одлука на судот се коси со одредбите за правата на трети лица врз кои е пренесена наводна незаконска имотна корист, па така согласно членот 531 третите лица врз кои е пренесена ваква корист ќе бидат повикани и испитани како во претходната постапка, така и на главната расправа. Согласно ставот 3 од истиот член, третите лица имаат право да предлагаат докази и да испитуваат сведоци и вештаци за потеклото на имотот кој е побарано да биде одземен од нив. Согласно ставот 5 од истиот член, доколку во текот на главната расправа биде утврдено дека постојат услови за изрекување на конфискација од трето лице, јавниот обвинител е должен да побара прекинување на расправата и да побара да се повика лицето врз кое е пренесена ваквата имотна корист. Во конкретниот случај, не беа предложени ниту докази кои укажуваат на евентуално префрлање на имотот врз трети лица, ниту пак овие лица (доколку постојат) имаа прилика да учествуваат во постапка и да предлагаат докази за потеклото на имотот кој треба да се конфискува од нив. Дополнителен проблем е тоа што со одлуката не се точно определени кои се овие лица, па така во со оваа одлука се става хипотетичка можност за изрекување на конфискацијата кон било кое трето лице кое имало блиски контакти со втораобвинетата.



## Заклучок

Почитувањето на основните човекови права и придржувањето до пишаните одредби од процесните закони во судските постапки е клучно за враќање на довербата на граѓаните во правосудниот систем, особено во овие моменти кога довербата на граѓаните во јавното обвинителство и судството е сведено на минимум. Судот е должен да спроведе транспарентна постапка, а одлуките кои ги носи да бидат темелно образложени и засновани на доказите презентирани во текот на постапката со цел пресудата да не биде заснована на шпекулации или претпоставки. Од друга страна, исклучително битно е јавното обвинителство да спроведе темелни, обемни и сеопфатни истраги со цел да докаже надвор од разумно сомневање дека обвинетите го сториле делото што им се става на товар со цврсти и несоборливи докази. Конкретниот случај доста сликовито ги прикажува проблемите кои можат да

настанат како последица на несоодветно спроведена истражна постапка, особено во поглед на незаконски стекнатата корист со кривичното дело и понатамошното располагање и прикривање на таквиот имот.

Коалицијата „Сите за правично судење“ апелира до надлежните институции целосно да се почитуваат и применуваат одредбите од домашните и меѓународните прописи во текот на постапките како и меѓународните стандарди за фер и правично судење, особено во високо профилираните предмети кои се поврзани со организиран криминал или висока корупција.



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје